Број на Службен весник: 19/2014
Датум на објавување: 29.01.2014

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013 и 164/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.01.2014 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

ВОВЕД

Болестите на срцето и крвните садови претставуваат голема, хетерогена група на заболувања и водечка причина за смрт во Република Македонија. Исхемичната болест на срцето со своите четири клинички форми - ангина пекторис, акутен инфаркт на миокардот, ненадејна срцева смрт и исхемична кардиомиопатија, е најчеста болест од оваа голема група на заболувања, а настанува како последица на атеросклероза во коронарните артерии. Од посебен интерес и значење се и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт,субарахноидалното, интрацеребралното и друг вид крвавење кои се вбројуваат во десетте најчести причини за смрт на населението.

Од друга страна, кардиохируршките операции се едни од најсложените хируршки интервенции. Бројот на болни кои имаат потреба од кардиохируршка интервенција е во постојан пораст. Како кардиохируршки интервенции се подразбираат интервенциите на отворено срце помеѓу другите реконструкција на срцеви залистоци, замена на срцеви залистоци, аорто - коронарен бајпас и ред други интервенции помеѓу кои врвот го зазема трансплантацијата на срце од кадаверичен дарител.

Како и секоја друга гранка од хирургијата, кардиохирургијата бара искусен и воигран тим од кардиохирурзи, васкуларни хирурзи, анестезиолози, кардиолози и среден персонал (инструментарки, медицински сестри, анестетичари, перфузионисти).

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главни цели на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2014 година се:
- превенција на факторите на ризик;
- навремено препознавање на КВБ;
- намалување на смртноста и инвалидитетот;
- започнување со работа односно основање на државна кардиохирургија односно формирање на тим кој своето искуство и знаење ќе го надогради и пренесе на останатите инволвирани колеги. Тимот ќе се состои од специјалисти по кардиохирургија и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки и перфузионисти);
- подобрување во лекувањето на секундарно и терциерно ниво;
- зајакнување на здравствениот систем на Република Македонија, како би бил во состојба да одговори на се поголемото оптеретување на населението со кардиоваскуларни болести;

- изработка на национална стратегија за превенција, лечење и контрола на кардиоваскуларните болести (КВБ) во Република Македонија, 2014-2020 година.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на активностите на програмата се:
- Министерство за здравство;
- Универзитетската клиника за кардиологија Скопје;
- Универзитетска клиника за детски болести Скопје;
- Медицински факултет Скопје;
- Општи, клинички и специјални болници;
- Здравствени домови;
- Избрани лекари на примарно ниво на здравствена заштита;
- Институт за јавно здравје;
- Центри за јавно здравје;
- Професионални здруженија и невладини организации;
- Државен завод за статистика.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести во Република Македонија за 2014 година потребни се следните средства:

	Активност	Реализатори	Износ
1.	Изработка на национална стратегија за превенција, лечење и контрола на кардиоваскуларните болести (КВБ) во Република Македонија, 2014-2020 година	Комисија за изработка на национа лна стратегија за превенција, лечење и контрола на кардиоваскуларните болести (квб) во Република Македонија, 2014-2020 година	50.000,00
2.	Формирање и одржување на база на податоци за пациентите кои се опфатени со рехабилитациониот третман	Универзитетска клиника за кардиологија Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања	60.000,00
3.	Одржување на база на податоци за пациентите со ВСМ	Универзитетска клиника за кардиологија Универзитетска клиника за детски болести	10.000,00
4.	Периодични едукации на референтните кардиолози во врска со новите индикации за имплементација на сите типови на пејсмејкери	Универзитетска клиника за кардиологија Македонско лекарско друштво	78.000,00

5.	Изработка на прашалник кој ќе се дистрибуира во кардиолошките служби и службите на ИМП до средината на наредната година како би се изработил годишен извештај и пресметка за распространетоста на срцевата аритмија	Универзитетска клиника за кардиологија Институт за јавно здравје	30.000,00
6.	Водење на единствена електронска база на податоци за сите пејсмејкер служби во Универзитетската клиника за кардиологија како Референтен центар за пејсмеркери	Универзитетска клиника за кардиологија	50.000,00
7.	Обука за ракување со дефибрилатор	Универзитетска клиника за кардиологија	100.000,00
11.	Средства наменети за тимот кој ќе ја основа државната кардиохирургија за едукација на специјалистички кадар и среден медицински персонал од областа на кардиохирургијата. Министерството за здравство на Република Македонија врз основа на оваа програма ќе склучува посебен договор за работно ангажирање со секој од членовите на тимот	Министерство за здравство	14.000.000,00
Изработка на Национална Програма за исхрана и физичка активност на децата во предучилишните и училишните	Институт за јавно здравје Универзитетска клиника за детски болести		80.000,00

установи (деца на возраст до 15 год.), која ке се имплементира на локално ниво			
Промотивни активности за подигнување на свеста кај населението за ризикот од кардио-васкуларни болести	Институт за јавно здравје		300.000,00
Анализа на анкетните листови и утврдување на критични точки за подобрување на здравствениот статус на населението	Институт за јавно здравје Центри за јавно здравје		30.000,00
15.	Едукација на избраните доктори во врска со проценка на ризиците од КВБ	Медицински факултет Скопје Универзитетска клиника за кардиологија	200.000,00
16.	Изработка на регистар на пациентите со најтешки форми на генетска условена хиперлипопротеинемија поради планирање средства за нивно лекување, односно следење на очекуваните пореметувања на луѓето со крвно сродство	Институт за јавно здравје Универзитетска клиника за кардиологија Универзитетска клиника за детски болести	12.000,00
	ВКУПНО:		15.000.000,00

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2014 година во вкупен износ од 15.000.000,00 денари, од кои

10.000.000,00 денари од основниот буџет и 5.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10737/5-13
27 јануари 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот на
Владата на Република
Македонија,
м-р Зоран Ставрески , с.р.